Македонија одбележува 75 години од ваташкиот крвопис

Напишано од Unevski
Сабота, 16 Јуни 2018 16:53



Ваташа, Кавадарци и Македонија уште еднаш им се поклонија на 12те ваташки младинци, кои на овој ден, пред точно 75 години беа убиени од бугарскиот фашистички окупатор. Големиот јубилеј годинава беше одбележан со свечена академија која се оддржа во петокот, 15 јуни во Домот на културата во Ваташа, додека пак централното чествување се оддржа денес, во месноста Моклиште.

По синоќашната академија на која пред присутните се обрати градоначалникот Митко Јанчев, а свои настапи имаа и актерот Александар Малинков, хорот при основното училиште „Димката Ангелов - Габерот“ Ваташа, Слободанка Танева и триото „Ад Либитум“, денес повеќе од 200 граѓани, претставници од политичката и општествената фела беа дел од манифестацијата која се оддржа во месноста Моклиште.

Вообичаено, свеченоста започна со полагање свежо цвеќе пред вечниот дом на Перо Видев, Герасим Матаков, Блаже Ицев, Данко Дафков, Илчо Димов, Пане Мешков, Пане Џунов, Ристо Ѓондев, Ванчо Гурев, Диме Чекоров, Ферчо Поп Ѓорѓев, и Васо Хаџи Јорданов од роднините на загинатите, бројните делегации, претставниици од политичката сфера, здруженија на граѓани, за да продолжи со баклијадата на навивачката група Лозари која во чест на 12те вашатки другари запали 12 бакли држејќи ја паролата со која потсети дека „крвопис е и Ваташа“.


КРВОПИС ЕИ ВАТАШ...



